**РАБОТИЛНИЦА ЦЕФ ЉУБЉАНА, (ИПСАС) НОЕМВРИ 2016 ГОДИНА**

Работилница на тема Меѓународни сметководствени стандарди во јавниот сектор (ИПСАСи), во организација на ЦЕФ Љубљана

Работилница на тема Меѓународни сметководствени стандарди во јавниот сектор се одржа во периодот од 21-23 ноември 2016 година во Љубљана. На оваа работилница присуствуваа пет ревизори од Ревизорското тело.
Работилницата даде можност да се дискутира за примената на ИПСАС стандардите во земјите на ЈИ Европа. Иницијативата најпрво беше фокусирана на најрелевантните и избрани ИПСАСи за земјите од ЈИ Европа. Теми на обуката: концепти на пресметковно сметководство, како и клучни барања на ИПСАСи за признавање, мерење, претставување и обелоденување; практичните импликации и предизвици на преоѓањето кон ИПСАСи базирани на пресметковно книговодство; стратешки импликации на усвојување на ИПСАСи; избрани ИПСАСи релевантни за земјите од ЈИ Европа; планирање на преод кон ИПСАС пресметковно книговодство.

Предавачи: тројца експерти: еден од Главниот центар за управување со јавни финансии при Универзитетот за применети науки во Цирих, еден Советник за управување со јавни финансии за Југоисточна Европа од ММФ и еден Виш стратешки аналитичар од Организацијата за економска соработка и развој.